**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.04.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.03.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2024 година.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.03.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 28.03.2024 година.

Г-дин Трајчев имаше две забелешки во однос на неговата дискусија. Предложи на страна 4 од записникот, во 9-ти ред броено од горе, зборот „претседатели" да се коригира во „претседател" и на страна 5 исто 9-ти ред зборовите „каде што се разбуди тоа прашање" да се коригира „каде што се разговарало за тоа прашање"

Советот на Агенцијата со техничките корекции од г-дин Трајчев едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 28.03.2024 година, со текст како што беше предложен

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Објасни дека на овој радиодифузер рокот за плаќање на фактурата му истече изминатиот четврток, а следниот ден во петокот е направен Писмениот извештај за извршен административен надзор при што е констатирано дека годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување не е платен. Согласно Законот се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата со дополнителен рок за плаќање од 15 дена. Извештајот е заверен во петокот што значи дека од тогаш течат 15-те дена. Доколку не се плати надоместокот во рокот што истекува следниот петок ќе му се одземе дозволата. Информира дека имал неформална средба со адвокатот на ова трговско радиодифузно друштво и му укажал дека надоместокот не е платен и дека може да му се одземе дозволата. Во текот на вчерашниот ден адвокатот му пратил СМС порака во која напишал дека не гледа никаква причина зошто не може да му се даде подолг рок за да се плати надоместокот. Објасни дека не му возвратил на пораката бидејќи не постои никаква законска можност освен овие дополнителни 15 дена предвидени во Законот и ова го кажува како информација за да биде запознаен Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека пристигна во Агенцијата допис до Советот од ТВ Сонце во кој се наведува дека сопственикот на телевизијата бил во САД и не може да изврши уплата. Објасни дека барањето за одложување на уплатата не може да се прифати бидејќи мора да се постапи согласно Законот. Советот во овој случај нема друг избор и секогаш постапува еднакво за сите медиуми.

Г-дин Фиданоски рече дека го прочитал дописот испратен од ТВ Сонце. Објасни дека еден претставник од телевизијата со кого лично се познава му се јавил и му објаснил зошто не е во можност радиодифузерот да изврши уплата. Одредени информации се поклопуваат со дописот дека сопственикот на телевизијата кој е државјанин на САД во март месец имал големи износи за плаќање на данок и дека американските даночни власти не дозволуваат трансфер на средства пред да ги заврши

тамошните даночните обврски, и од тие причини се случува доцнење на уплата за годишниот надоместок.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0090 од 26.02.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗАВМУ.

Г-дин Петрушевски се обрати до Службата и рече прецизно да се извести радиодифузерот кога му е крајниот рок за уплата, за да направат дополнителни напори и да го уплатат надоместокот.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

__________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**